ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 04-1734/1
05 06 2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

www.uip.gov.mk
ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА
Жиро сметки:
300000001198471 – Комерцијална банка АД Скопје
210045289640156 – Тутунска Банка АД Скопје
270045289640163 – Халкбанка АД Скопје
Даночен број : МК 4030992242532
Адреса:
ул. Коле Неделковски бр. 38
Телефон:
+389 2 3162 317
Е - маил:
info@uip.gov.mk
ISO 9001:2015 ISO 14001:2015

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавни претпријатија, член 3 став 1 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекција за вработување и унапредување, како и начинот на бодување на даватели на јавни услуги во ЈП Улици и патишта – Скопје бр. 04-510/1 од 14.02.2022 година и член 31 став 1 точка 15 од Статутот на ЈП Улици и патишта – Скопје, а согласно Годишниот план за вработување во 2025 година, на ЈП Улици и патишта – Скопје бр. 04-4960/1 од 12.11.2024 година, в.д Директорот на ЈП улици и патишта – Скопје, донесе:

# О Д Л У К А

За утврдување на потреба за вработување на даватели на јавна услуга во области комунални дејности и други дејности, заради кои се основани јавните претпријатија од група III подгрупа 5 на неопределено време

## Член 1

Се утврдува потреба за вработување на 7 (седум) даватели на јавна услуга во области комунални дејности и други дејности, заради кои се основани јавните претпријатија од група III подгрупа 5 на неопределено време, за следниве работни места:

1. 12а. КДР0305Б02075 Референт за организациона подршка......................1 извршител
Во Одделение за експлоатација и регистрација на возила и градежни машини, Сектор за механизација;

2. 37. КДР0305Б04086 Технички документарист...........................................1 извршител
во одделение за Асфалтна база, Сектор за механизација;

3. 46а. КДР0305Б01138 Соработник во одделение......................................1 извршител
во Одделение за одржување, изградба и реконструкција на Сообраќајници, Сектор за одржување и изградба на сообраќајници;

4. 68. КДР0305А03097 Раководител на одделение за светлосна сообраќајна сигнализација.........................................................................................1 извршител
во Одделение за светлосна сообраќајна сигнализација, Сектор сообраќај;

5. 78. КДР0305А03097 Раководител на одделение хоризонтална и вертикална сигнализација и сообраќајна опрема........................................................1 извршител

во Одделение за хоризонтална и вертикална сигнализација и сообраќајна опрема, Сектор сообраќај;

6. 87. КДР0305В02029 Помошен работник - ПК Работник.............................1 извршител во Одделение за хоризонтална и вертикална сигнализација и сообраќајна опрема, Сектор за сообраќај;

7. 97а. КДР0305Б01138 Соработник во одделение......................................1 извршител во Одделение за техничка подготовка, Сектор за техничка подготовка и развој;

Член 2

Потребата за засновање на работен однос за работните места од член 1 во оваа Одлука, даватели на услуги е по барање на одговорното лице на јаваното претпријатие.

Јавниот оглас за вработување на даватели на јавна услуга да се објави во најмалку два дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македноскиот јазик.

Времетраењето на јавниот оглас е 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на неговото објавување во дневните весници.

Член 3

Пополнувањето на работните места е во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП ,,Улици и патишта" - Скопје бр. 03-815/1 од 13.02.2020 година, Правилник за измена и дополнување на Правилник за систематизација на работни места бр.03-815/2 од 26.07.2021 година, Правилник за измена и дополнување на Правилник за систематизација на работни места 03-815/3 од 20.07.2022 година, Правилник за измена и дополнување на Правилник за систематизација на работни места 03-815/4 од 28.12.2023 година и Годишниот план за вработување во 2025 година на ЈП Улици и патишта – Скопје бр. 04-4960/1 од 12.11.2024 година.

Член 4

За реализирањето на Одлуката се задолжува одделението за управување со човечки ресурси.

Член 5

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Д-но:

- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Архива;

в.д Директор

**Ивана Трајковска**